start.tif (2480x3508x2 tiff)



## Историјата пред ново читање?!

# Историчарите (ќе) го прек

**По тригодишно истражување на содржините на сите учебници по историја во земјите на Југоисточна Европа, тим на историчари финасиран од ЕУ дошол до заклучок дека учебниците по историја се легло на плагијати и извор на злото. Оттука иницијатива за "ново читање на историјата"!**



*Етноцентричниот поглед на историјата ја кочи соработката: од меѓународната конференција во Атина*

Балканот треба да го смени односот кон историјата. Таа треба да се занимава со потеклото, корените, минато, традиција... Треба да се изучува, учи, негува, пренесува, но, не на начин како што тоа се прави во нашите учебници. Кај нас, кога е историјата во прашање, владее правилото премногу историја, на premалку простор. Историјата не е само минато, туку мотив за нови и нови крвави разврски во сегашноста, сметаат историчарите од Западна Европа. Поаѓајќи од становиштето дека историјата (посебно) на Балканот сè уште разединува, Европската унија решила на овие простори да покрене иницијатива за "ново читање на историјата"! Повод е и постојано отворениот процес на создавање и пропаѓање на држави, најчесто со крв. Некаде, сето тоа сè уште трае и политичкиот развој не е заокружен. Сите сфаќаат дека досегашното, главно политичко, толкување на минатото одиграло голема негативна улога во новата балканска историја. Затоа Западот (ни) го поставува прашањето - како поинаку да ја изучуваме историјата за таа да има помалку болни реперкусии врз сегашноста и врз иднината?

За таа цел, во рамките на Пактот за стабилност веќе неколку години бројни историчари од 11 земји од Југоисточна Европа (од "западен Балкан", Романија, Бугарија, Словенија, Грција Турција и Кипар) работат на препрочитување на историјата на овие простори. Проектот се одвива во рамки на Центарот за демократија и помирување, со седиште во Солун, а тимот историчари го предводи Кристина Колури. Бидејќи првите "судири" со историјата се во училишните клупи, за почеток тој си поставил задача да изврши читање и анализи на учебниците по историја во сите овие земји.

Инаку, меѓународниот тим на историчари неодамна го одржа својот последен состанок во Белград на тема: работа на читанка за новата историја на Југоисточна Европа, која ќе се обиде да понуди мултиперспективен поглед на минатото на овие земји. Читанката, што ќе се појави за една ипол година, ќе ја опфаќа историјата на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Кипар, Грција, Македонија, Романија, Словенија, Турција и Југославија.

"Начинот на кој историјата денес, се предава на Балканот води кон поделби", вели Ненад Себек, извршниот директор на Центарот. "Ние на просторите на поранешна Југославија тоа го видовме и го почувствувавме повеќе од другите. Учевме дека сме најголеми, најпаметни, најхрабри, најспособни, а видовме што ни се случи... Затоа се трудиме историјата да ја прикажеме на еден друг начин. Да покажеме дека на овој Балкан, покрај сите разлики и војни, имало и соработка. Се обидуваме повеќе да зборуваме за економската историја, за историјата на уметноста... Сепак, не се обидуваме да создадеме една розова, лажна, фалш слика дека сè и секогаш било прекрасно. Едноставно, не е така. Водевме војни. Крвавеа едни, други, трети... Но, сега се обидуваме да влијаеме врз министерствата за образование да размислуваат за реформа на школството, во насока дека историјата може да се учи на два начина: како историја на конфликти, но и историја на соработка. Треба да се прикаже и едната, но задолжително и другата страна" - вели Себек.

Новото читање на историјата на Балканот, посебно на темите каде што дијаметрално спротивно се толкуваат историските настани - османлиското ропство, балканските војни, Првата и Втората светска војна - треба да донесат видување и обработка на настаните од повеќе аспекти, а не еднострано, како што се случуваше досега.

### "Клио на Балканот"

Резултатите од тригодишното истражување на учебниците по историја на меѓународниот тим на историчари од Југоисточна Европа, кои пред некој месец беа промовирани во книгата "Клио на Балканот", се поразителни. Училишниот предмет историја кај сите земји без исклучок е третиран политички. Државите преку тие учебници постојано одново го дефинираат и го преиспитуваат својот идентитет. За сите народи кои живееле во поранешна СФРЈ, денес е карактерис-

start.tif (2526x3540x2 tiff) [2]



# ојуваат минатото!

тична историјата според стремежите на моменталната политичка елита, а не врз фактите на кои историјата би требало да се потпира. Сите сакаат да се покажат како дел од обединета Европа, а балканската историја ја третираат како процес на борба за сопствено национално и државно осамостојување, кое другите нации, главно, го попречувале. Учебниците по историја воопшто не се разликуваат од демагошките фрази кои се карактеристични за политичарите на власт во секоја од новонастанатите држави. Речиси сите истории, во сите балкански држави почиваат на одредниците "ние" и "останатите". "Ние", секогаш во национална смисла и како став на доминантното население во државите, кое е позитивно оценувано во сите негови постапки. Истражувањето покажува и дека секаде постои силна идентификација со религијата, а културното наследство што го оставиле во земјите големите царства додека владееле претходно се маргинализира. "Ако се суди според учебниците по историја, не се поставува прашањето дали на Балканот ќе има нова војна, туку само кога ќе дојде до неа", заклучуваат историчарите. Мултиетничноста, главно, се доживува како проблем и се сугерира дека таа е главна причина за конфронтации. Ако се тргне конкретно и поединечно по држави, словенечките и хрватските учебници ја третираат СФРЈ како "темница на народот" која им служела на големосрпските хегемонистички апетити. Српските учебници ја обвинуваат Хрватска, бидејќи ѝ била дадена можност за реализирање на таен сепаратизам, кој го кочел позитивниот развој на Југославија. Македонските учебници ја обвинуваат заедничката држава за денационализација и асимилација на Македонците, додека босанските и црногорските учебници ја гледаат Југославија како обрач во кој не им било дозволено да се развиваат. Што се однесува до релациите со Европа, и тука гледиштата на бившите ју-држави се различни.

Словенечките и хрватските учебници најмногу се занимаваат со историските процеси кои ги потврдуваат културните, политичките и географските врски на овие две држави со централна и западна Европа. Од друга страна, српските и хрватските учебници се слични во презентацијата на националната историја - само за себе и сопствената нација. Македонските учебници се концентрирани на историјата на пределите каде живееле Македонци, исто така оставајќи ги на страна другите нации кои живееле во Југославија. Втората светска војна, исто така, е тема на идеолошки судири. Додека Словенците им оддаваат големо признание на југословенските партизани во својата историја, Србите и Хрватите оваа војна ја толкуваат како одговор на прашањето кој одиграл позначајна улога во партизанското движење, главно негирајќи ја улогата на другиот. Во српските учебници четниците се прикажани како антифашистичко движење, речиси еднакво вредно како партизанското. Србите се третираат како единствени заштитници на Југославија, секогаш на вистинската страна, а се потенцира негативната улога на католичката црква во бивша СФРЈ. Уставот од 1974 година во словенечките учебници е оценет како многу позитивен, додека во српските учебници има речиси негативна конотација, заради големата автономија што им е овозможена на покраините Војводина и Косово. Причините за распадот на Југославија исто така се разликуваат од држава до држава. Српските и црногорските учебници ги гледаат причините во сепаратизмот на северните републики, на кои им помогнала меѓународната заедница. Македонските учебници ги наоѓаат во кризата на економскиот и политичкиот систем, додека словенечките и хрватските учебници - во умирањето на старите политички лидери, колапсот на тоталитарните системи во Источна Европа, меѓуетничките судири предизвикани од економската криза и во големосрпските националистички апетити.



Историјата може да се учи на два начина: Ненад Шебек

Во грчките учебници, пак, продолжува крајно негативното третирање на Османлиското ропство и со тоа се дистанцира грчката од заедничката балканска историја. За нив Турците се "други", спротивна страна. Оценките се до тој степен екстремни, што децата и денес можат да заклучат дека Турците останале исти. Но, ни самата Турција нема преголеми симпатии кон тој период, па создавањето на модерната турска држава се поврзува со периодот на распадот на Османлиското царство. "Македонското прашање" за Грците воопшто не постои, исто како што не постои ниту за Србите, Бугарите... И македонските автори на учебници не се однесуваат ни малку поинаку од останатите, заклучува во своето истражување Никола Јордановски, докторант по историја во Полска, кој во тимот беше претставник од македонска страна.

## Учебниците по историја-извор на злото!

Со меѓународната конференција на тема "Заеднички проект за историјата на југоисточна Европа", одржана во април во Атина, беше заокружен првиот дел од проектот. Заклучокот гласи: со такви, главно етноцентрични учебници по историја, тешко е да се очекува било какво разбирање и соработка на подрачјето на целиот регион. Впрочем, тоа е главна причина за реализирање на овој проект. Актерите на проектот очекуваат соработка од сите структури - историчарите, политичарите, невладините организации, но и ресорните министерства.

Во наредните години, челниците на ЕУ се подготвени да одвојат големи финансиски средства за обнова и модернизација на образовниот систем во државите на Југоисточна Европа, кои на тој начин ќе можат полесно да се интегрираат во Европа. Посебно внимание е посветено на изработката на учебниците по историја зашто, според мислењето на западноевропските експерти, тие се легло на историските плагијати и извор на злото. На почетокот, пред четири години, се мислело дека оваа идеја никогаш не може да се реализира на дело. Но веќе воспоставената соработка меѓу Албани-

СТАРТ 6 декември 2002

ја, Бугарија и Романија за единствен школски систем, кога е во прашање воената балканска историја, е добар чекор и покажува дека полека и невозможното може да стане возможно.

Покрај тој проект, во рамките на Пактот за стабилност а со донации на холандската влада се одвива и еден друг проект, во кој се вклучени Македонија, Албанија и Бугарија. "Станува збор за зборник на историски материјали, кој е во завршна фаза. За почеток, за да се тргне од некаде се одлучивме да биде застапен периодот 1945 - 2000 година, како најбезболен во односите меѓу овие три држави. Книгата ќе ја сочинуваат фотографии, документи, сеќавања... но ќе биде без ставови и коментари на авторите. Ќе се печати на четири јазика: македонски, албански, бугарски и англиски", вели д-р Тодор Чепреганов, директор на Институтот за национална историја на Макеоднија, кој е вклучен во овој проект.

Трнувајќи од фактот дека историјата е многу чувствителна област на овие простори, во нејзината обработка треба да се влегува многу внимателно, посочува тој, "Во ред е, во духот на новото време е, да се прават заеднички историски проекти. Истражувањата покажаа дека до сега нашите соседи во своите учебници немаат речиси ништо за Република Македонија. Или, ако има по нешто, тое е минимално и многу искривено. Ние, во споредба со Бугарија, Албанија, Грција, Србија, за нашите соседи имаме најмногу во нашите учебниици. Од друга страна, иако по иницијатива на невладини организации и европски институции сме имале многу средби, разговори, иницијативи, до денес не е сменето ништо. Ниту една од соседни држави не променила ниту јота во своите учебници. Знаете, не е добро кога само еден прави отстапки. Затоа, велам, мора да се биде многу внимателен, кога е историјата во прашање", вели Чепреганов.

Изоставање на судирите и потенцирање на културната историја, ставање акцент на описот и анализа на животот на обичните луѓе, на економскиот аспект е сугерираниот рецепт од Запад за изучување на историјата на Балканот. Повеќе од 100-те учесници на Конференцијата во Атина (професори по историја од основни училишта, па сè до факултетите, невладини претставници, делегати од министерствата за образование... и британскиот Форин офис, како финансиер на собирот), се обединија околу идејата - заедно во историјата на Балканот, за нејзино претворање од "темница на балканските народи", во патоказ за иднината. ■

**Марина Шеќеровска**